Предлог

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа „Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 80 и 80-а од Законот за градење Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15,226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 18/20, 279/20, 227/22, 111/23, 224/24, 224/24, 255/24, 3/25, 17/25, 87/25, 101/25, 250/25, 269/25 и 51/26), и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26), а по предлог на Градоначалникот,

Советот на Општина Велес на 10-та седница одржана на ден ___.04.2026 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на територијата на Општина Велес**

1. Во Програмата за поставување на урбана опрема на територијата на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 5/18, 9/18, 7/21, 17/23 и 2/26), се врши следнава измена:

Во Глава „Планирање и поставување“, по точка „Јавни санитарни јазли“, се додава нова точка –
„Паркинзи во функција на објекти на органите на државна управа и на објекти на општините“.
Паркинзи во функција на објекти на органите на државна управа и на објекти на општините ќе се постават на КП бр. 1044/2, а конкретната локација ќе се определи со Елаборат за поставување на урбана опрема.”

2. Составен дел на оваа Програма е графички приказ на микролакацијата за поставување на урбаната опрема.

3. Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Образложение**

За потребите на државните органи, а врз основа на Законот за градење, со оваа програма се предвидуваат локации за паркинзи.

Имено, во член 2, став 1, точка 4, од Законот за градење, под урбана опрема, во смисла на овој закон, се смета „опрема за продажба на билети за јавен превоз, весници, сувенири, цвеќиња, храна, сладолед, телефонски говорници, автобуски постојки, типски објекти за обезбедување кои се во функција на дипломатскоконзуларните претставништва, на објекти на органите на државната управа и на резиденцијалните објекти, опрема во функција на туристички, културни и спортски настани, опрема за спортско-рекреативни активности, јавни санитарни јазли, тераси со или без настрешници, платформи за јавни манифестации на копно и на водна површина, покриени и непокриени шанкови, пливачки објекти, паркинзи во функција на објекти на органите на државна управа и на објекти на општините, рекламни и информативни паноа, детски игралишта, настрешници кои се поставуваат на јавна површина, фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци".

Паркинзите наведени во оваа Програма ќе се постават на дел од КП бр. 1044/2, а нивната конкретна локација ќе биде определена со Елаборат за поставување на урбана опрема.

Врз основа на горенаведеното, се предлага оваа Програма до Советот на Општина Велес.